Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ

| Примено: | 12-02-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 983/1 | | |

**До: Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје**

**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted], ул. [redacted] бр. [redacted] Тел. [redacted]
е-пошта: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Дали станот бр. 13 на адреса ул. Филип Втори Македонски бр. 19, 7000 Битола, кој беше предаден од Министерството за одбрана на вас, сè уште е во ваша сопственост?
- Доколку станот бр. 13 не е во ваша сопственост, дали е продаден или на друг начин отуѓен, и ако да, со кој правен акт (купопродажен договор, одлука, акт за пренос)?
- Кој е актуелниот сопственик на станот според вашите евиденции?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил [redacted]
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

[redacted]

**Во Битола, 11.02.2025 година .**

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
| --- | --- | --- |
| 03-983/4 | | 13-02-2025 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-983/1 од 12.02.2025 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр.03-983/1 од 12.02.2025 година за пристап до информација од јавен карактер, а во врска со информација за

1. Дали станот бр. 13 на адреса ул. Филип Втори Македонски бр. 19, 7000 Битола, кој, според информации на барателот на информацијата, бил предаден од Министерството за одбрана на АДИССДП, сè уште е во сопственост на Друштвото?
2. Доколку станот бр. 13 не е во сопственост на Друштвото, дали е продаден или на друг начин отуѓен, и ако да, со кој правен акт (купопродажен договор, одлука, акт за пренос)?
3. Кој е актуелниот сопственик на станот според евиденциите на Друштвото?

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр.03-983/1 од 12.02.2025 година за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со горенаведените барани информации, Ве известуваме за следново:

Согласно податоците добиени од страна на Подружницата Битола станот на адреса ул. Филип Втори Македонски бр. 19, 7000 Битола, никогаш не бил во сопственост на Акционерското друштво, т.е. никогаш АД не стопанисувало со наведениот стан. Со оглед на тоа дека немаме информација дали станот е продаден или на друг начин отуѓен, Друштвото нема информација кој е актуелен сопственик на станот, бидејќи како што е кажано погоре го нема во евиденција истиот.

Во контекст на наведеното согласно информациите добиени од страна на Подружница Битола, напоменуваме дека во 2013 година од Комисијата при Министерството за

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

одбрана при Влада на Р. Македонија во врска со воените станови доставен е записник бр.02-898/1 од 23.01.2013 година за извршено примопредавање на документација за предмети наведени во записникот, меѓу кои е и станот на наведената адреса. Меѓутоа, освен предавање на документација, предметниот стан физички никогаш не е примен.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска